СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2017

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
2017

Издавач
КОАЛИЦИЈА НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ СЕГА

Автор
Моника Илиоска Кантарџиоска

Адреса
Цар Самоил 18
7500 Прилеп, Македонија
E-mail: sega@sega.org.mk
Web: www.sega.org.mk

Извршен директор
Зоран Илиески

Содржина

МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА 4
Проект: „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“ 4
МЛАДИНСКО УЧЕСТВО 6
Проект: “Македонски Модел на Обединетите Нации” 6
Проект:“OPIN” алатка за е-учество 7
Проект: „Учество на младите во процесот на донесување на одлуки “ 9
Проект: „Зајакнување на младинската вклученост во локалните заедници 11
МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ 12
Проект: “Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА” 13
Проект: „Младински Информативен Центар во Кавадарци“ 17
Национална Кампања „ИНФОРМИРАЈ СЕ СЕГА!“ 19
МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ 24
Проект: Подобрување на социјалната инклузија преку јакнење на вработливоста „Отворена врата – за млади од млади“ 24
МЛАДИНСКО УЧЕСТВО 25
Проект: „Учество на младите во процесот на донесување на одлуки “ 25
ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ 27
Меѓународна соработка 27
Проект „Youth Creativity Club “ 27
Проект „Franco Macedonian Cultural team “ 27
АДМИНИСТРАТИВНА РАМКА 28
ЗА СЕГА 29

Проект: „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“

Проектот „Имплементација на Конвенцијата за Правата на Детето во Македонија“ се спроведуваше во период од 12 месеци (01 јануари – 31 декември 2017 година), финансиран од Детската Фондација Песталоци (Pestalozzi Children’s Foundation). Целта на проектот е да им се овозможи на децата и младите во Македонија активно да ги практикуваат своите права и обврски пропишани со Конвенцијата за Правата на Детето.

Активностите се спроведуваа во партнерство со следните организации – Прва Детска Амбасада Меѓаши - Скопје и Младински Образовен Форум (МОФ) – Скопје, како и Биро за развој на образование – Скопје и Министерство за образование Скопје.

Активности во 2017 година:

СОСТАНОК СО ДИРЕКТОРИ И НАСТАВНИЦИ

Состанок со директори и наставници од 17 проектни училишта се одржа во периодот 08-09 ноември 2017, во хотел Глигоров, Струмица.

Главната цел на настанот беше целосно запознавање на училиштата со 3-тата фаза на проектот со фокус на Ресурсниот пакет, интерните акти за детски права и Индексот за детски права.

КОНСУЛТАТИВЕН НАСТАН „ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ НА УЧЕНИЧКОТО УЧЕСТВО И ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО Р.МАКЕДОНИЈА“

На ден 13.09.2017, во хотел Континентал во Скопје, Коалиција на младински организации СЕГА, во партнерство со Младински Образовен Форум, Првата Детска Амбасада Меѓаши и Министерството за образование и наука, организира Консултативен настан „Иницијатива за законско регулирање на ученичкото учество и организирање“. На настанот учествуваа претставници – директори, професори, педагози и психолози од средните училишта во Р.Македонија.

Целта на настанот беше да се презентира подготвениот нацрт текс на Закон за измени и дополнувања за Закон за средно образование кој се однесува на интегрирање на учеството на учениците во процесот на донесување на одлуки во образовниот процес и да се приберат мислењата, ставовите и предлози на преставниците од средните училишта во Р.Македонија пред доставување на предлог текстот до Министерството за образование и наука за понатамошно процесирање.

ТРКАЛЕЗНА МАСА „РЕГУЛИРАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ВО ОБРАЗОВНАТА ЛЕГИСЛАТИВА“

28.06.2017, во хотел Holiday Inn, во Скопје се организира тркалезна маса „Регулирање на учеството на децата и младите во образовната легислатива“. На овој настан беше промовирана иницијатива за измени и дополнувања на Законот за средно образование во насока на интегрирање на учеството на учениците во процесот на донесување одлуки во образовниот процес.

Овој настан имаше за цел да обезбеди првична дискусија со пратениците, Народниот правобранител и невладините организации во однос на обезбедување на вистинско учество на младите што ќе биде законски регулирано.

Заклучоците од присутните учесници, пратеници како и претставници на НВОи беше следниот:

- „Да се базираат измените врз основа на Конвенцијата за права на детето со фокус на правото на образование; потребна е сеопфатна и целосна анализа за учеството ; системски да се уреди учеството на учениците во донесувањето одлуки преку процеси, различни форми на организирање, мониторинг и евалуација, начини на учество и клучно е да учениците бидат препознаени како важен фактор во овие процеси; затоа треба соодветна законска регулатива и стратегија“.
- „Унифициран систем за инволвирање“.
- „Во овие процеси треба да бидат вклучени и општините и други засегнати страни“.
- „Важна е децентрализацијата, потребна е когнитивна револуција/реформа, учество и на незасегнатите страни“.
- „Да се изнајдат начини за охрабрување на младите активно да се вклучат во овие процеси, важна е и суштинска имплементација, а не само форма“.
- „Да работиме според научените лекции, политиката да биде надвор од овие процеси, процесот да биде отворен и инклузивен“.
- „Ефектите брзо ќе се видат, потребно е процесот да не е избрзан и да биде со широко вклучување, да се продолжи со градење капацитети на засегнатите страни како и процесот да биде континуиран и систематски“.
- „Правно да се гарантира на највисоко можно ниво учеството на учениците во донесување на одлуки.“

Во текот на 2017 година во рамките на проектот се реализираа следните резулати:

1. Моделите на учество на децата спроведени во училиштата, односно ученичките организации и Детскиот правобранител, доведоа до зголемување на знаењата и вештините на учениците во сите проектни училишта. Од спроведените анкети во текот на 2017 година, 76% од анкетираните ученици известуваат за зголемено знаење за детските права како резултат на активностите што ги спроведува Детскиот правобранител како и училишните организации.

2. 68% од анкетираните ученици во партнерските училишта го препознаваат Детскиот Правобранител како заштитник на нивните детски права . 26 приговори од 70 поднесени од 72 детски правобранители од 17 училишта беа заеднички решени.

3. 1300 ученици беа информирани за правата на децата и интеркултурната комуникација преку заеднички работилници организирани од детски правобранители и учесници на Интеркултурните размени во Троген.

4. 737 студенти на возраст од 10 до 18 години го остварија своето право да учествуваат во донесувањето одлуки преку дебати и доставување на клучните наоди и препораки (од нивните акци) до менаџментот на училиштето. 58% од испитаниците во проектните училишта веруваат дека е подобрена нивната вклученост во донесување одлуки.

5. Индексот на детски права покажува подобрување на ситуацијата на детските права во училиштата во однос на 70 дефинирани индикатори, главно во областа на донесување одлуки во училиштата, пристап до релевантни информации и препознавање на дискриминација.

Нацрт-законот за измени и дополнувања на Законот за средно образование за обезбедување учество на деца на ниво на училиште беше доставен до МОН, врз основа на препораките дадени од различни засегнати страни. МОН и БРО јавно ја признаа потребата од вклучување на правото на учество во правната рамка и го поддржаа процесот на изготвување на правниот текст. Откако ќе биде усвоен, ова ќе создаде основа за проширување на развиените модели во рамките на проектот за сите училишта низ целата земја.

- **Интеркултурни размени во детското село Песталоци - Троген, Швајцарија**

Во текот на 2017 година, Коалиција СЕГА организираше 5 интеркултурни размени во детското село Песталоци во Швајцарија, во соработка со вклучените училишта во проектот. Преку Интер културните размени, вкупно 200 ученици имаа можност во период од 15 дневна размена да се здобијат со знаења, вештини и да се запознаат со правата на децата, меѓусебно разбирање и почитување. Учениците преку размените се запознаваат со принципите на меѓукултурниот дијалог и комуникација, толеранција и вредностите помеѓу различните култури.

МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Проект: “Македонски Модел на Обединетите Нации”

Во 2017 година Коалиција на младински организации СЕГА продолжи да ја спроведува програмата во своето работење – Македонски Модел на Обединети Нации (ММОН). Програмата се спроведуваше во соработка со волонтерите на Мировниот Корпус во Македонија, а со финансиска поддршка од Генералниот Секретаријат на Владата на Р. Македонија. Моделот на Обединети Нации ги вклучува младите во проучување и дискусија за глобалните прашања, поттикнува развој на вештините корисни за животот, како што се истражување, пишување, јавно говорење, градење на консензус, решавање на конфликти, постигнување компромис и соработка.

Преку имплементација на активностите предвидени за проектот “Македонски Модел на Обединети Нации” зајакнати се капацитетите на млади луѓе од Македонија, учесници во проектот, за дипломатија, решавање на конфликти и јавно говорење преку симулација на работата на Обединетите Нации. Со тоа, се придонесе кон остварување на општата цел на проектот односно обезбедување на структурна, инклузивна и поттикнувачка средина за младите луѓе преку која ќе станат активни граѓани кои придонесуваат за прогресивен развој на Р.Македонија.

Во текот на подготвителната фаза беа реализирани координативни состаноци со проектниот тим, објавени беа повици за селекција на тим лидери и напредни учесници, истите беа селектирани и воспоставени беа тимови. Понатаму, беа одржани обуки и работилници со цел зајакнување на капацитетите на учесниците на проектот, односно обуки и работилници за тим лидери, делегати, и напредни учесници - Претседавачи со Комитети, Генерален Секретар. Конференција на Македонски Модел на Обединети Нации беше одржана во април 2017. Активностите поврзани со воспоставување на тимови и градење на капацитети се

реализираа пред и после завршување на Конференцијата како континуиран процес за јакнење на капацитетите на младите за дипломатија, решавање на конфликти и јавно говорење, и Евалуација.

Со проектот "Македонски Модел на Обединети Нации" беа опфатени 160 средношколци и студенти од Република Македонија: 14 тим лидери, 135 делегати, 9 претседавачи со комитети, 1 Генерален Секретар и 1 Заменик Генерален Секретар. Индиректно беа опфатени ученици и студенти на возраст од 16 – 26 години, средни училишта и факултети, и младински организации.

Проект:"OPIN" алатка за е-учество

Проектот „Гласот на младите од Прилеп во електронското младинско учество" имаше за цел да го зголеми учеството на младите при процесот на донесување одлуки во општина Прилеп. Активностите од проектот беа поддржани од Совет на млади на општина Прилеп и локалната самоуправа во Прилеп. Во период на спроведување на проектот од март до декември 2017 година се спроведуваа низа онлајн и офлајн активности.
Цели на проектот беа:

- Младите (млади луѓе од општина Прилеп) на возраст од 15- 30 години
- Советот на млади на општина Прилеп
- Локална самоуправа – Прилеп

ОПИН алатката се користеше за :

- Собирање идеи и/или предлози
- Оценување и/или на собраните предлози/идеи

ОПИН се користеше како алатка за зголемување на младинското електронско учество, и ние очекуваме дека спроведувањето на овој проект ќе придонесе за подобрување на процесот за донесување на одлуки на локално ниво.
Со цел зголемување на младинското електронско учество во процесите на донесување одлуки во општина Прилеп, СЕГА спроведи онлајн и офлајн активности:

- Воспоставување на ОПИН како алатка за континуирано младинско учество на локално ниво
- Зголемување на свеста за ОПИН како алатака за е-учество.

Се спроведоа активности кои ги поврзуваат младите со донесувачите на одлуки за младинското учество. Активностите од проектот беа поделени на три фази:

Подготвителна фаза:
Првата фаза од проектот беше спроведена од март до мај 2017 година. Активности кои се спроведија во текот на подготвителната фаза: поставување на проектен тим, превод на ОПИН апликацијата, развивање на акционен план за кампањата, подготвување на промотивен материјал (офлајн: брошури, банер, пенкала, маички, и онлајн: креирање страна на социјалните мрежи, состаноци со Совет на млади на општина Прилеп и Локалната самоуправа во Прилеп и потпишување на меморандум за соработка со нив.

Имплементациона фаза (спроведување на активностите за проектот):

На 16.06.2017 година се одржа јавен настан во канцелариите на СЕГА со младите и претставници на Совет на млади на општина Прилеп и Локалната самоуправа во Прилеп. Овој настан се искористи за претставување на ОПИН апликацијата и нејзините карактеристики, се дискутираше колку младите би ја користеле, и колку би се поврзала и би била „слушната“ од сонесувачите на одлуки.

Презентации во средните училишта за ОПИН

Во периодот од мај до јуни се одржаа 5 презентации во средните училишта во Прилеп. Во текот на овие презентации, младите се запознаваа со проектот, беше делен промотивен материјал и беа споделувани информации за ОПИН платформата. Овие настани ние ги користевме за да собереме идеи од младите преку разговор и „бура од идеи“.

Едукативни работилници во средните училишта во Прилеп

Во периодот од септември до ноември 2017 година, беа одржани 10 работилници кои беа поделени на два дела. Во текот на првиот дел од работилниците беа презентирани основни информации за е-демократијат и е-учеството во ЕУ, како и важноста и можноста да бидат вклучени во овие процеси во нивната заедница. Вториот дел од работилниците беше едукативен, каде што се објаснуваа карактеристиките на ОПИН и се мотивираа среношколците да ја користат ОПИН апликацијата. На младите им се делеше промотивен материјал и брошури на кои се објаснети карактеристиките на ОПИН апликацијата, како и полезноста од користење на истата. Важно е да се спомне дека во овој период активностите со преводот на македонски јазик беа одложени. Причина за тоа беше крајот на учебната година. Активностите продолжија со почетокот на новата учебна година.

ОПИН апликацијата беше активно користена во овој период. Ние ги охрабруваме младите да објавуваат предлози или да ги коментираат/кликнуваат „ми се допаѓа“ на веќе постоечките предлози.

Евалуациона фаза:

Евалуационата фаза на проектот беше од 20-ти октомври до 09-ти ноември 2017 година и ги содржеше следните активности:

- Сумирање на собраните податоци – од 26-ти октомври до 09-ти ноември 2017 година. Резултатите официјално беа поднесени до Советот на млади на општина Прилеп.
- Завршен настан со млади, претставници од Советот на млади на општина Прилеп и претставници од локалната самоуправа.

Завршниот настан се одржа на 10.11.2017 година во Градската библиотека и ги вклучи сите целни групи коишто имаа можност да ги дискутираат резултатите. Идеите за кои имаше најмногу гласови и беа најкоментирани беа напишани во Документ со препораки кој им беше даден на претставниците од Советот на млади на општина Прилеп кои го доставуваат до Локалната самоуправа на општина Прилеп и лобираат за реализирање на идеите. Се очекува дека најмалку 2 предлози ќе бидат вклучени во акциониот план на локалната самоуправа во текот на 2018 година во Прилеп. Важно е да се напомене дека во тој период се одржуваа локални избори и имаше промена во локалната самоуправа. Коалиција СЕГА

контактираше со новите лица во локалната самоуправа и ги претстави тековните проекти, вклучувајќи го и проектот за ОПИН и очекуваме идна соработка со нив.

Период за известување:

Во периодот од 10-23 ноември 2017 година беше напишан извештајот за овој проект, беше собрана целата документација (листи на учесници), фотографии, видеа од проектот, линкови од дисеминациониот план и беше изработено финалното видео со резултати од проектот.

Дисеминацијата на проектот се случуваше во текот на сите фази. Информациите за проектот и алатката ОПИН беа споделени со заедницата, со акцент на младите како директни корисници преку онлајн и офлајн активностите од промоцијата. Сите засегнати страни беа охрабрени да ги користат новите алатки и информации. Директна дисеминација на постоечката ОПИН алатка и користа од неа, како и мотивирањето на младите да учествуваат во процесите на донесување на одлуки, се случуваше за време на работилниците со средношколците. Онлајн видливост и промоција имаше на веб страните од СЕГА, како и на социјалните медиуми (Фејсбук, Твитер и Инстаграм), локални радио и телевизија. Сега придонесе во дисеминацијата на резултатите од проектот и преку користење на нејзината мрежа од младински организации во Македонија. Вестите за проектот ОПИН беа споделувани и во е-весниците за млади и младински организации на коишто ИНФО Сега им ги испраќа секоја седмица на мејлинг листите.

Други настани од СЕГА кадешто беше промовиран проектот ОПИН

Во текот на имплементацијата на проектот, преку низа активности со други тековни проекти, проектот за ОПИН беше промовиран меѓу младинските организации низ Македонија.

Проект: „Учество на младите во процесот на донесување на одлуки “

Во согласност со Националната Стратегија за Млади на Република Македонија 2016-2025, во насока на исполнување на предвидените мерки од тематска област младинско учество и младинска работа од Акциониот План за спроведување на Стратегијата, Коалиција СЕГА и Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија пристапија кон планирање и реализација на предвидените активности од истата тематска област.

Реализирани активности:

Коалиција на младински организации СЕГА во соработка со Агенција за млади и спорт започна со имплементација на проектот „Учество на младите во процесот на донесување на одлуки“. Проектот се спроведува со поддршка од Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, преку програмата Еразмус+, Клучна Акција 3 (Структурен дијалог)

Целта на овој проект е да се подобри функцијата и улогата на веќе постоечките Совети на Млади (во следните општини: Кавадарци, Штип, Кривогаштани, Неготино, Крушево, Гази Баба, Ѓорче Петров, Град Скопје, Карпош и Прилеп) и на тој начин да се влијае на подобрување на младинското учество во демократскиот живот.

Специфични цели:

- Зајакнати капацитетите на веќе постоечките Совети на Млади
- Подобрена соработка помеѓу донесувачите на одлуки и младите на локално ниво
- Зголемено младинско учество на локално ниво, главно во процесот на решавање на локалните потреби на младите.

Активности:

А1. Еднодневна работилница „Како до зголемување на младинското учество преку зајакнување на функцијата на Советите на млади“

Еднодневна работилница која се одржа во Скопје, на 22.02.2017, со претставници - донесувачи на одлуки.

Вкупно 25 учесници зедоа учество на оваа работилница (двајца претставници од Агенција за млади и спорт, десет советници од советите на општините, еден претставник од Влада на Р. Македонија и двајца претставници од СЕГА).

Целта на оваа работилница беше да се соберат мислења за состојбата на младинското учество на локано ниво, учесниците да отворат дискусија за функционирањето на веќе постоечките Локални Совети на Млади како да дадат препораки за начините на нивно подобрување.

А1.1 Локални дискусии:

Во текот на месец Март/Април 2017 во секоја од вклучените општини се одржа по една локална дискусија во која се вклучија: членови на Совети на млади, младински НВОи, и локални донесувачи на одлуки во полето на младинската работа). На овие локални дискусии се разговараше на следните прашања:

1. Каква поддршка им е потребна на младите од Локалната самоуправа, општината и државата?

2. Дали младите луѓе се вклучени во процесите на донесување на одлуки на локално ниво, односно дали младите луѓе се запознаени со постоењето на Советите на млади како посебна структура за учество во процесот на донесување на одлуки на локално ниво?

3. За каков тип на активности и одлуки се зема во предвид мислењето на младите луѓе?

4. Кои се потребите за подобрување на младинското учество преку Советите на млади?/ Идентификување на потребите за подобрување за подобрување на младинското учество преку Советите на млади?

5. Каков тип на поддршка е потребна за подобрување на функцијата на Советите на Млади?

6. Дали има потреба од посебна Законска рамка за Советите на млади која што ќе го гарантира младинското учество на локално и национално ниво?

7. Дали има потреба од вмрежување на веќепостоечките Совети на млади (формирање на Национална мрежа за Советите на млади)?.

А2. Национална работилница „Креирање на Позициски документ со препораки за подобрување на состојбата на Советите на млади“

Главната активност во проектот е тридневна работилница која се одржа во периодот од 11-14 мај 2017, во Струга. На оваа работилница учество зедоа вкупно 40 учесници (триесет млади на возраст од 18 – 29 години, и десет донесувачи на одлуки на возраст од 25 – 30 години).

Овој настан беше креиран со цел да се работи на зајакнување на капацитетите на локалните младински структури (Советите на млади), формирање на формални принципи на комуникација помеѓу младинските структури и општините и подобрување на младинското учество и активизам.

Како краен резултат на проектот беше подготвен „**Позициски документ со препораки за подобрување на состојбата на Советите на млади“ (Position paper with recommendations for strengthening the position of Local Councils of Youth).**

Подготвениот финален документ СЕГА официјално го поднесе до Агенција за млади и спорт, до Влада на Р.Македонија и Локалните Самоуправи, како и до Парламентот на Република Македонија. Исто така документот беше објавен на веб страната на СЕГА (www.sega.org.mk), на веб страната на Информативниот и Советодавен Центар ИНФО СЕГА во Прилеп и Кавадарци (www.kavadarci.infosega.org.mk и www.prilep.infosega.org.mk) и на веб страната на Младинскиот портал (http://youthportal.infosega.org.mk). Исто така овој финален документ беше споделен и до сите други релевантни младински НВОи преку веќе постоечките мејлинг листи. Исто така, Препораките и заклучоците од имплементираните локални дискусии беа споделени на социјалните мрежи (facebook, twitter, instagram, linkedin).

Зајакнување на младинската вклученост во локалните заедници

Од 01 октомври 2017 година Коалиција СЕГА започна со спроведување на проектот „Зајакнување на младинската вклученост во локалните заедници“ (Strengthening Youth Engagement in Local Communities). Проектот е во рамките на Проектот за Граѓанско Учество кој го спроведува Ист Вест Менаџмент Институт (East West Management Institute - EWMI) во партнерство со четири локални граѓански организации: Фондација за интернет општество „Метаморфозис“, Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ), Фондација отворено општество - Македонија (ФООМ), и Национален младински совет на Македонија (НМСМ), финансиски поддржан од УСАИД.

Главната цел на проектот е да се зголеми влијанието на младинските организации кон граѓанското учество во процесите на донесување одлуки на локално и национално ниво, со што ќе се придонесе кон подобрување на статусот и добросостојбата на младите луѓе во државата. Главната цел ќе биде постигната преку следните резултати на проектот: 1) Развиена и применета иновативна алатка за детектирање на младински потреби, со фокус на граѓанско учество, 2) Зајакнато знаење и вештини на младинските организации да ги адресираат актуелните потреби на младите луѓе, 3) Подобрено разбирање за младинското учество во локалната заедница. Проектот ќе воведе Индекс за Младински Развој во Македонија, како нова и иновативна алатка за адресирање на потребите на младите на сите нивоа. Активностите ќе овозможат вклучување организациите членки во своите локални заедници.

Проектот се спроведува во период од 01 октомври 2017 – 30 септември 2020 година.

МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

ПРОЕКТ „Младинското информирање како основа за младинско учество “

Коалиција на младински организации СЕГА го спроведува проектот **„Младинското информирање како основа за младинско учество“. Проектот се спроведува со поддршка од Национална Агенција за европски образовни програми и мобилност, преку програмата Еразмус+ Клучна Акција 3 (Структурен дијалог**).

Целта на овој проект е поголема информираност на младите како основа за зголемување на младинското учество во креирањето на јавното мислење, односно во процесот на донесување на одлуки на локално и национално ниво како и поголема интегрираност на младите во општеството.

Специфични цели:

- Зголемена свеста кај донесувачите на одлуки за важноста на младинското информирање како основа за младинско учество
- Воспоставена соработка помеѓу институциите и младинските организации со цел обезбедување на препораки за подобрување на младинското информирање
- Зголемен интересот на локалните самоуправи за отворање на Младински Информативни Центри во различни општини во Македонија.

Во првата фаза на проектот се организира Национална работилница „**Информирани и вклучени млади“, 05.09.2017 хотел Континентал, Скопје** со носители на одлуки на национално ниво

Втората фаза предвидуваше **10 локални дискусии** во следните општини: Кавадарци, Прилеп, Штип, Битола, Струмица, Тетово, Гевгелија и 3 општини од Скопје. Преку овие локални дискусии се собраа мислењата на младите за потребата за подобрување на нивната информираност како основа за подобрување на нивното учество во демократскиот живот во Македонија.

По завршувањето на локалните дискусии беше подготвен сумарен извештај со препораки и заклучоци од локалните дискусии.

Главната активност во проектот беше **тридневна работилница** која се одржа во периодот од **06-09 декември 2017, во Струга**. На оваа работилница учество зедоа вкупно 45 учесници (млади на возраст од 18 – 29 години и донесувачи на одлуки на возраст од 25 – 50 години). Овој настан беше креиран со цел да се воспостави комуникација помеѓу младите и донесувачите на одлуки со цел подобрување на младинското информирање и младинското учество во Македонија преку воспоставување на систем за младинско информирање.

Како краен резултат на проектот ќе биде подготвен „**Позициски документ со препораки за воспоставување на систем за младинско информирање на локално и национално ниво во Р.Македонија“.**

Проектот **„Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА“** (МИСЦ) продолжи да се спроведува преку двата Информативни Центри на СЕГА во Прилеп и Кавадарци и во 2017 година. **Целта на проектот** е придонес во имплементацијата на Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади и акциите кои се однесуваат на зголемување на младинското информирање.

Проект: “Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА”

Реализирани активности од ИНФО СЕГА Прилеп во 2017 година:

1. Обезбедување на информации од областите: образование, култура, волонтирање, размена, младински можности.

Во текот на јануари - декември 2017 година персоналот на Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА (МИСЦ) ги ажурираше информациите за патување (локален и градски превоз), информации за здравство (дежурни аптеки) и за културните манифестации и активности во Прилеп. Секојдневно беа прибирани информации за стипендии, семинари, обуки, конференции, волонтирање, вработување итн. Овие информации се објавуваат на web страната на ИНФО СЕГА www.infosega.org.mk и секојдневно се ажурираат. Во периодот јануари – декември на веб страната на ИНФО СЕГА имаше 30240 посети. Најновите информации за тековни повици и конкурси редовно се испраќаат на mailing листата infosega@infosega.org.mk која е сочинета од 3000 е-меил адреси.

2. Промовирање на МИСЦ

2.1. Промовирање на услугите на МИСЦ во средните училишта

Согласно планот за промоција и видливост на центарот помеѓу средношколците во општина Прилеп, Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА и оваа година продолжи со одржување на промоции за услугите што ги нуди во средните општински училишта. Во периодот јануари – мај 2017 беа одржани 6 презентации на ИНФО СЕГА и беа директно опфатени 130 средношколци од средните училишта во Прилеп.

Информативните настани се одржуваа во училиштата, а на истите се презентираа информации наменети за средношколците, како што се: стипендии за матурантите, информации за тековните конкурси за стипендии за средношколците, промоција на Европски волонтерски сервис, информации за дополнителните услуги на ИНФО СЕГА.

2.2. Одбележување на поважни датуми

- **Одбележан „Денот на мајчиниот јазик“ 21 февруари**

По повод одбележување на „Денот на мајчиниот јазик“ 21 февруари, Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА објави конкурс во СОУ Ѓорче Петров, „Ајде да твориме на мајчин јазик“ на тема -Одржливо идно повеќејазично образование” за креирање на есеј, расказ, драма, поема. На објавениот конкурс пристигнаа вкупно 17 творби, кои беа разгледани од страна на комисија на ИНФО СЕГА и беа одбрани трите најдобри творби, кои подоцна беа наградени со сертификати и книги.

На 22.02.2017 година, во среда, во просториите на Библиотеката на СОУ Ѓорче Петров со почеток од 12:00 часот беше одржан настан и официјално беа доделени симболични награди, книги и сертификати на учениците за најдобрите дела, како и благодарници на професорите и директорот. Овој настан имаше за цел да ги поттикне младите да творат на

мајчиниот јазик. На настанот присуствуваа ученици, професори, директорот на СОУ Ѓорче Петров, претставник и ЕВС волонтерите од ИНФО СЕГА.
Наградени за најдобри творби беа учениците:
Настеска Ивана – „Сиромаштијата не е пречка да бидам среќна“ – 1[1] клас
Ангела Римчевска – „Моќта на волшебните зборови“ – 1[2] клас
Николче Мојсоски – „Бескрајност“ од 2[2] клас
На настанот промовирани беа и делата на младата писателка Мартина Соколоска. Најдобрите творби беа објавени во електронска збирка на нашата веб страна www.infosega.org.mk , како и на страната на СОУ Ѓорче Петров.

- **ИНФО СЕГА одржа креативна работилница со ученици по повод Меѓународниот Ден на жената 8ми март**

На 7ми март 2017 година, по повод Меѓународниот ден на жената, во просториите на Младински Информативен Центар ИНФО СЕГА Прилеп беше одржана креативна работилница. Просториите беа отворени за млади кои на креативен и уникатен начин изработија подароци и честитки. Честитките и подароците беа продавани на хуманитарен Осмомартовски панаѓур, кој се одржа во просторот на СОУ „Ѓорче Петров" Прилеп.

- **Одржани две креативни работилници по повод празникот Велигден**

На 22 и 27 април 2017 година во ОУ „Климент Охридски“ во времетраење од два училишни часа беа одржани Креативни работилници по повод празникот Велигден.
Работилниците имаа за цел поттикнување на креативниот дух кај учениците во Прилеп. Работилниците ги спроведе тимот на ИНФО СЕГА заедно со ЕВС волонтерите од Франција и Романија со ученици од 4/3 одделение. На час по ликовно образование, учениците со помош на волонтерите изработија велигденски украси кои наредната недела беа продавани на училишниот панаѓур. На работилниците присуствуваа 21 ученик.

- **Инфо ден**

На 20.10.2017 МИЦ Прилеп одржа Инфо Ден во центарот на градот каде што ја претстави својата работа пред граѓаните на Прилеп. Се делеше промотивен материјал. Младите кои ги посетија штандовите добија подетални информации кои би им биле од корист.
Сите кои што ги посетија штандовите имаа можност да се запознаат со програмите кои што ги нудиме како инфо центар, како и можностите за волонтирање низ Европа преку Еразмус+ програмата, ЕВС. Отвореният ден беше посетен од триесет млади.

2.3 Летна креативна школа во ИНФО СЕГА

Младински Информативен центар ИНФО СЕГА во текот на летото започна со реализирање на летна креативна школа за деца. Во текот на летото се одржаа 21 креативни летни работилници на различни теми како: оригами, културна размена, арт-колажи, проекции на анимирани филмови, пишување приказни на англиски јазик, dreamcatchers, bookmarks, аквариум од хартија, есенидр.
Работилниците беа наменети за деца на возраст од 09 – 12 години кои сакаат да го поминат летото на креативен начин и да ја развијат својата креативност, да ги развијат своите комуницаиски вештини, да научат за важноста за тимска работа.
Работилниците ги одржуваа ЕВС волонтерите од Италија, Франција и од Америка и истите се одржуваа во просториите на ИНФО СЕГА два пати неделно секоја среда и петок вон времетраење од два часа.
339 деца беа дел од летната креативна школа во ИНФО СЕГА.

2.4 Реализирани едукативни работилиници во основните и средните училишта во општина Прилеп

- **Едукативна работилница „Заштита на личните податоци на социјалните мрежи“.**

- На 10.11.2017 во СОУ “Ѓорче Петров” тимот на ИНФО СЕГА одржа работилница на тема „Заштита на личните податоци на социјалните мрежи“. На работилницата присуствуваа 21 ученик со кои на интерактивен начин разговаравме на темата со цел правилно користење на социјалните мрежи, заштита на нивните приватни податоци, групирање на пријателите на facebook, ограничување на постовите и др.
- На 13 и 20.11.2017 година, во ООУ Пецо Даскалот во општина Долнени, тимот на ИНФО СЕГА одржа 2 работилници на тема „Заштита на личните податоци на социјалните мрежи“.На работилницата присуствуваа 39 ученици.
- На 22.12.2017 година, во ООУ „Климент Охридски“ – Прилеп, се одржа работилница на тема „Заштита на личните податоци на социјалните мрежи“. На работилницата присуствуваа 16 ученици..

Преку оваа тема ги едуцираме учениците за правилно користење на социјалните мрежи, заштита на нивните приватни податоци, групирање на пријателите на facebook, ограничување на постовите и др. Оваа работилница има за цел да ја покрене свеста кај младите за правилно користење на социјалните мрежи и да бидат свесни како можат за се злоупотребат нивните податоци.

- **Реализирани работилници на тема „Предрасуди, стереотипи, дискриминација“**

На 17.11.2017 година, по повод Меѓународниот ден на толеранцијата, 16 ноември, Младинскиот Информативен и Советодавен Центар Инфо СЕГА одржа работилница со ученици во ООУ „Климент Охридски“ – Прилеп, на тема: „Предрасуди, стереотипи, дискриминација“. Присуствуваа 23 ученици од деветто одделение.
На 12.12.2017 година, се одржа работилница во ЦОУ „Пецо Даскалот“ во Долнени, на тема „Предрасуди, стереотипи, дискриминација“. На работилницата учествуваа 25 ученици.
На 20.12.2017 година, беше одржана работилница во СОУ „Орде Чопела“ – Прилеп на тема „Предрасуди, стереотипи, дискриминација“. На работилницата учествуваа 17 ученици.
На 26.12.2017 година, во СОУ „Ѓорче Петров“ беше одржана работилница на тема: „Предрасуди, стереотипи, дискриминација“. На работилницата учествуваа 13 ученици.
Оваа работилница има за цел да ја покрене свеста на младите за нивното опкружување, да ги прифаќаат различните култури, религии и националности, како и да препознаат ситуации во кои би можеле да бидат дискриминирани.

- **Новогодишни креативни работилници**

На 22.12.2017 година, во ООУ „Гоце Делчев“ се одржа креативна Новогодишна работилница со ученици од 2 одделение. На работилницата учествуваа членовите на МИСЦ – Прилеп, како и волонтерките од Молдавија, кои заедно со учениците и нивната одделенска наставничка изработија новогодишни честитки и украси. Беа присутни 29 ученици. Новогодишните честитки и украси беа изложени и продадени на новогодишниот панаѓур кој го организира училиштето.
На 27 и 28 декември 2017 година, во просториите на МИСЦ – Прилеп се одржаа креативни Новогодишни работилници на кои присуствуваа 10 ученици од СОУ „Ѓорче Петров“ и ООУ „Климент Охридски“. На работилницата се направија новогодишни честитки и украси кои беа изложени и продадени на новогодишните панаѓури.

1.1. Активности во рамките на Кампањата „Time to move“

Во рамките на кампањата Time to Move предоведена од ЕУРОДЕСК мрежата, на 25 септември 2017 година во Прилеп беше одржани Инфо ден за промоција на волонтерството

меѓу младите и промоција на услугите на ИНФО СЕГА и промоција на ЕВС програмата преку методот на Language Cafe. На Инфо денот во центарот на Прилеп беше поделен промотивен материјал за програмата Европски волонтерски сервис, а имаа можност да разговара со ЕВС волонтерите од Франција и Италија кои им ја презентираа постапката за аплицирање и информации за програмата. Исто така младите имаа можност да се фотографираат со логото на кампањата кое беше изработено од млади луѓе.
Во рамките на Language Cafe истиот ден се промовираше и кампањата #TimeToMove на Eurodesk која има за цел да ги открија начините за мобилност на младите. На настанот ја промовиравме и програмата ЕВС за сите млади кои сакаат да стекнат искуства и да волонтираат во странство.

1.2. Координативни состаноци

Во периодот јануари – декември 2017 беа организирани 20 координативни состаноци помеѓу тимот на СЕГА и тимот на МИСЦ од Прилеп и Кавадарци. На состаноците се разговараше за планираните годишни активности и напредокот на нивна имплементација. Се мониторираа постигнатите периодични резултати и се правеше евалуација на веќе спроведените активности. Помеѓу тимот и волонтерите на МИСЦ беа организирани 15 координативни состаноци.

Проект: „Младински Информативен Центар во Кавадарци“

Проектот **„Младински Информативен Центар – ИНФО СЕГА“** (МИЦ) продолжи да се спроведува и во 2017 година, откако центарот официјално започна со работа на 19 август 2015 година.

- **Обезбедување на информации од областите: култура, волонтерство и размена**

Веб страната на ИНФО СЕГА секојдневно се ажурираше. Во текот на јануари - декември 2017 година персоналот на Младинскиот Информативен Центар ИНФО СЕГА (МИЦ) ги ажурираше информациите за патување (градски и меѓуградски превоз), информации за здравство (дежурни аптеки), културни и спортски манифестации и активности во Кавадарци. Секојдневно беа прибирани информации за стипендии, семинари, обуки, конференции, волонтирање, вработување итн. Овие информации се објавуваат на web страната на ИНФО СЕГА www.infosega.org.mk и секојдневно се ажурираат. Во периодот јануари – декември 2017 година на веб страната на ИНФО СЕГА имаше 24 200 посети.

Најновите информации за тековни повици и конкурси редовно се испраќаат преку неделни електронски весници за младинско информирање на mailing листата infosega@infosega.org.mk која е сочинета од 3000 е-маил адреси.

- **ПРОМОВИРАЊЕ НА МИЦ ИНФО СЕГА**

- **Промовирање на услугите на МИЦ во основните и средните училишта**

Согласно планот за промоција и видливост на центарот помеѓу учениците во основните и средните училишта во општина Кавадарци, Младинскиот Информативен Центар ИНФО СЕГА и оваа година продолжи со одржување на промоции за услугите што ги нуди во основните и средните општински училишта. Во периодот јануари – мај 2017 беа одржани 6 презентации на ИНФО СЕГА и беа директно опфатени 121 средношколци од основните и средните училишта во Кавадарци. Промотивните настани се одржуваа во училиштата, а на истите се презентираа информации наменети за ученици и средношколците, како што се: стипендии за матурантите, информации за тековните конкурси за стипендии за средношколците, информации за дополнителните услуги на ИНФО СЕГА.

- **ИНФО Денови**

На 01.03.2017 година тимот на Младински Информативен Центар ИНФО СЕГА Кавадарци одржа ИНФО ДЕН во центарот на градот каде што беа промовирани активностите и услугите кои ги нуди ИНФО СЕГА за младите. Со овој ИНФО ДЕН беа информирани 150 млади од општина Кавадарци.

- **ИНФО СЕГА Караван**

На 12.09.2017 година, Младински Информативен Центар ИНФО СЕГА Кавадарци по повод „Неделата на граѓански организации“ поддржан од Проектот за граѓанско учество (ПГУ) на УСАИД, организираше Инфо Караван во центарот на градот. На ИНФО СЕГА Караванот, локалните млади имаа можност да се информираат за ЕРАЗМУС+ програмата, Европски Волонтерски Сервис, услугите на ИНФО СЕГА, да бидат дел од креативното катче и да се

забавуваат преку безброј активности за млади. Со овој настан беа опфатени околу 200 млади од Кавадарци.

- ***<u>ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПОВАЖНИ ДАТУМИ</u>***

- **Креативна работилница по повод 8ми март, денот на жената**

На 08.03.2017 година во просториите на Младински Информативен Центар ИНФО СЕГА Кавадарци се одржа креативна работилница по повод 8ми март, Меѓународниот ден на жената. На работилницата учествуваа 15 млади од основните училишта „Димката Ангелов Габерот“ и „Тоде Хаџи Тефов“ од Кавадарци кои на креативен начин изработија креативни подароци за своите најблиски.

- **Креативна работилница по повод Велигденските празници**

На 13.04.2017 година во просториите на Младински Информативен Центар ИНФО СЕГА Кавадарци се одржа креативна работилница по повод Велигденските празници. На работилницата учествуваа 10 млади од основното училиште ОУ „Тоде Хаџи Тефов“ од Кавадарци кои на креативен начин изработија украси за Велигденските празници.

- **Одбележување на 9-ти мај – Ден на Европа**

На 09.05.2017 година Младинскиот Информативен Центар ИНФО СЕГА беше дел од настанот по повод 9-ти мај „Денот на Европа“ организиран од општина Кавадарци. Настанот беше организиран во Домот на културата во Кавадарци со богата културно уметничка програма на која учествуваа голем број на млади.

- **Меѓународен ден на млади - Филмска вечер**

На 12.08.2017 година во просториите на Младински Информативен Центар ИНФО СЕГА Кавадарци по повод Меѓународниот ден на млади се одржа работилница и филмска вечер. Работилницата беше насочена кон истражување на учеството на младите во таков важен сегмент, како што е Кинематографијата и се состоеше од два дела. Првиот дел беше онлајн панел заедно со млади од 8 градови од Балканот: Књажевац и Суботица (Србија), Мостар, Завидовиќи и Приједор (Босна и Херцеговина), Пеја (Косово), Никшиќ (Црна Гора) и Скопје (Македонија). На овој онлајн панел се разговараше за кинематографија и младите. Вториот дел од работилницата беше филмска вечер каде се прикажа филмот „Деца на мирот“ во режија на Емир Капетановиќ од Босна и Херцеговина.

- **Меѓународен ден на волонтеризмот (05 Декември)**

На 05.12.2017 година на градскиот плоштад по повод Меѓународниот ден на волонтеризмот беше организиран ИНФО Ден во центарот на Кавадарци. Младите имаа можност да се запознаат со ЕРАЗМУС+ програмата и Европскиот Волонтерски Сервис. ЕВС волонтерите имаа повеќе активности (игри) за обележување на овој ден. Настанот беше организиран во соработка со други НВО од Кавадарци и беше посетен од 100 млади.

Национална Кампања „ИНФОРМИРАЈ СЕ СЕГА!“

Кампањата „Информирај се СЕГА!“ ја спроведуваа Коалиција СЕГА со Младинските Информативни и Советодавни центри ИНФО СЕГА од Прилеп и Кавадарци во соработка со Агенција за млади и спорт. Кампањата предвидуваше серија на активности кои се реализираа во периодот од 01 октомври 2016 – 31 мај 2017 година.
Националната кампања „Информирај се СЕГА!“ има за цел да им овозможи на младите луѓе безбедно да дојдат до квалитетни интернет информации кои им се потребни, и да бидат целосно описменети како дигитални учесници во денешното информатичко општество.

Цели на кампањата:

- Зголемена свест кај младите луѓе за важноста на е - информирање
- Креирана и промовирана Апликација за младинско информирање
- Формирана мрежа за младинско информирање на национално ниво

Кампањата беше поддржана од Агенција за млади и спорт, програмата за децентрализирана соработка меѓу Франција и Македонија и ФИНКИ. Партнери во кампањата беа Коалиција СЕГА, Младински Совет Прилеп, АЦЕ Кавадарци, Фокус Кичево, КУЛ Младина Штип, Волонтерски центар Скопје, Организација на жени Свети Николе ОЖО и Ромски Ресурсен центар Скопје задолжени за спроведување на активностите од кампањата.

АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА НАЦИОНАЛНАТА КАМПАЊА „ИНФОРМИРАЈ СЕ СЕГА!“

- **Креативна работилница за поголема видливост на кампањата**

На 11.04.2017 година во просториите на Младински Информативен Центар „ИНФО СЕГА“ Кавадарци се одржа креативна работилница како дел од кампањата „Информирај се СЕГА!“. Оваа креативна работилница има за цел изработка на промотивни материјали за поголема видливост на кампањата и за организирање на ИНФО ДЕН за промоција.

- **Промоција на Натпреварите за најдобра мобилна апликација и најдобро видео**

Во текот на имплементацијата на кампањата ИНФО СЕГА активно ги промовираше повиците на најдобра мобилна апликација и најдобро видео меѓу локалните млади во општина Кавадарци.

- **Избор на најдобра мобилна апликација на ФИНКИ**

На 06.03.2017 година, во просториите на ФИНКИ се одржа официјална презентација на најдобрата мобилна апликација од Натпреварот за креирање мобилна апликација во рамките на Националната кампања „Информирај се СЕГА!“. Една од активностите на кампањата беше натпревар за изработка на мобилна апликација за веб страната http://mladi.ams.mk/ во партнерство со ФИНКИ, на кој учество зедоа тимови од студенти од повеќе факултети од цела Македонија.
Најдобрата избрана мобилна апликација беше апликацијата на Јане Џумеркоски, 22 годишен студент на ФИНКИ. Апликацијата е наградена со парична награда во вредност од 500 евра од страна на Агенција за млади и спорт.

- **ИНФО ДЕН по повод Европска недела на млади и промоција на мобилната апликација**

На 05.05.2017 година се одржа ИНФО ДЕН во центарот на градот и во дворот на гимназијата „Добри Даскалов“ Кавадарци по повод Европска недела на млади 2017 година. На овој ИНФО ДЕН младите од Кавадарци имаа можност да се информираат за Еразмус+ програмата и за првата мобилна апликација за младинско информирање Млади АМС од кампањата Информирај се СЕГА! ИНФО денот го организираа Младински Информативен Центар ИНФО СЕГА и АЦЕ – НВО, заедно со локалните волонтери. Исто така на овој ИНФО ден беше направена слика под логото #EUSolidarutyCorps како една од активностите од Европската недела на млади. Со овој ИНФО ДЕН беа опфатени околу 150 млади од Кавадарци.

- ***<u>АКТИВНОСТИ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ПРОЕКТ „БАЛКАНСКА ПЛАТФОРМА ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И ДИЈАЛОГ“</u>***

- **Координативна средба од проектот „Балканска платформа за младинско учество и дијалог“**

Во периодот од 23-25.02.2017 година, во Приједор, Босна и Херцеговина, се одржа координативна средба со целиот тим што е дел од проектот „Балканска платформа за младинско учество и дијалог“. Координатор на овој проект е АЛДА Скопје и во Македонија се спроведува во Општина Кавадарци (преку Младинскиот Информативен Центар „ИНФО СЕГА“) и Општина Центар во Скопје. Оваа средба имаше цел да се разгледаат сите активности кои престојат во 2017 година и да се распоредат улогите и задачите на секој младински работник вклучен во овој проект.

- **Координативни состаноци во рамките на овој проект**

Во рамките на овој проект беа одржани 4 координативни состаноци со сите вклучени од проектот со цел подобра координација подобра координација за натамошните активности на проектот и дефинирање на крајни датуми за активностите.

- **Информативна сесија за младински локални иницијативи**

На 22.06.2017 година во Младинскиот Информативен Центар ИНФО СЕГА Кавадарци се одржа информативна сесија за младински локални иницијативи. На оваа инфо сесија имаше претставници од младинската организација „Креактив“, СППМД и Совет на Млади Кавадарци. Инфо сесијата траеше околу 2 часа и се разговараше за младински фонд од АЛДА Скопје која доделува финансиски средства на локални младински иницијативи за млади од Општина Кавадарци и Општина Центар. На 26.06.2017 година беше изработен GIF за ИНФО СЕГА Кавадарци како точка за информирање за потребите на проектот.

- **Креирање на LYAG (Локална младинска советодавна група)**

Во месец јуни 2017 година, беше креирана локална младинска советодавна група за потребите на проектот. Во Локалната младинска советодавна група учествуваат 7 млади од општина Кавадарци.

- **Онлајн обука на тема „Културно учество“**

На 30.06.2017 година во просториите на Младински Информативен Центар ИНФО СЕГА Кавадарци, тимот на ИНФО СЕГА присуствуваше на онлајн обука на тема „Културно учество“. Обуката ја одржа АЛДА Скопје и учествуваа млади од 9 балкански градови, вклучени во проектот.

- **Анкета на тема „Културно учество на млади“**

На 31.07.2017 година беше споделена анкета за потребите на проектот на тема „Културно учество на млади“. Анкетата е споделена на фејсбук страната на Младински Информативен Центар ИНФО СЕГА, фејсбук страната на Коалиција СЕГА и меил до персоналот на СЕГА.

- **Дискусија со фокус група**

На 03.10.2017 година во просториите на МИЦ „ИНФО СЕГА“ Кавадарци се одржа дискусија со фокус група на тема „Културно учество на млади“, која што е и тема на работа оваа година на проектот „Балканска платформа за младинско учество и дијалог“. Фокус групата ја сочинуваа млади средношколци од средните училишта во Кавадарци, студенти и вработени млади од Кавадарци.

- **Интервју на тема „Културно учество на млади“**

На 10.10.2017 година, беше спроведено интервју со млади од Кавадарци кои директно се вклучени во културниот живот на градот. Прашањата од интервјуто беа на тема „Културно учество“ и ова интервју беше дел од регионалното истражување во рамки на проектот.

- **Работилници “My city, intercultural city”**

На 24 и 25.10.2017 година во просториите на МИЦ „ИНФО СЕГА“ Кавадарци се одржаа 2 работилници на тема “My city, intercultural city”. На овие работилници беа вклучени млади од основното училиште „Тошо Велков Пепето“ и средното училиште „Добри Даскалов“ Кавадарци. Младите преку интерактивни активности го потенцираа постоењето на различни култури во Кавадарци и за истите изработија интерактивна мапа со дефиниции и слики од разни споменици, храна, предмети, облека и слично.

- **Локална дискусија “Youth taking over day”**

На 27.10.2017 година во просториите на МИЦ „ИНФО СЕГА“ Кавадарци се одржа локална дискусија “Youth taking over day” на која присуствуваа околу 20 средношколци од Гимназијата „Добри Даскалов“ Кавадарци. На оваа дискусија се разговараше за културното учество на младите и информациите што тие ги добиваа за културните настани во градот. Заклучоците од дискусијата беа дека младите не се доволно вклучени во културниот живот поради мала мотивираност и поради недоволни информации за истиот.

- **Културен настан „Културна (Р)еволуција“**

На 19.09.2017 година во средното училиште „Добри Даскалов“ Кавадарци и во центарот на градот се спроведе ИНФО ДЕН со цел младите да се информираат за настанот „Културна (Р)еволуција во Домот на културата во Кавадарци. Со овој ИНФО ДЕН беа опфатени околу 150 млади.

На 19.09.2017 година во Домот на културата „Иван Мазов Климе“ се одржа културен настан „Културна (Р)еволуција“. Музички бендови и балетски школи од Кавадарци беа дел од овој настан кој имаше цел да се промовираат локални бендови и балетски студија, да се соберат книги и да се зголеми фондот на библиотеките во училиштата во Кавадарци. Овој настан беше организиран од Локалниот Младински совет во Кавадарци во соработка со Младински Информативен Центар „ИНФО СЕГА“ Кавадарци како дел од проектот „Балканска платформа за младинско учество и дијалог“.

- ***<u>ПРОЕКТ „ЗАЕДНО ДО СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА (Да го отвориме кругот, сите сме исти)"</u>***

Од месец мај 2017, Младински Информативен Центар ИНФО СЕГА Кавадарци започна со реализација на активности од нов проект во соработка со ООУ „Тошо Велков – Пепето" Кавадарци. Проектот е на тема социјална инклузија, со наслов „Да го отвориме кругот, сите сме исти".

- **Координативни состаноци**

Во текот на месец мај, беа одржани 5 координативни состаноци во ООУ „Тошо Велков Пепето" Кавадарци со тимот на ИНФО СЕГА и стручната служба на училиштето. На состаноците се разгледуваа сите активности од проектот и беа разгледувани потребните документи за започнување со активностите и беше креиран акциски план. Од училиштето беше предложен еден наставник кој ќе биде контакт лице за овој проект.
На 17.05.2017 беше изработена фејсбук страна и лого за потребите на овој проект. На фб страната ќе се известуваат учениците и наставниците за активностите кои следат и оние кои се веќе спроведени во рамки на овој проект.

- **Работилници на тема „(Не)дискриминација"**

На 31.05.2017 и 17.11.2017 година во МИЦ „ИНФО СЕГА" Кавадарци се одржа работилница на тема „(Не)дискриминација". Работилницата имаше за цел да ги запознае учениците со термините социјална инклузија и преку методи на неформално образование да ги запознае со видовите на дискриминација. На работилниците учествуваа 47 ученици кои се и учесници во истиот проект.

- **Креативна работилница**

На 22.09.2017 во просториите на Младински Информативен Центар „ИНФО СЕГА" Кавадарци се одржа креативна работилница „Друштвени игри" со ученици кои се вклучени во проектот за социјална инклузија „Да го отвориме кругот, сите сме исти". На работилницата присуствуваа 10 млади.

- ***<u>ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ НА ИНФО СЕГА</u>***

- **Работилници на тема „Полесно совладување на материјалот"**

Во периодот од 15.02.2017 до 21.02.2017 се одржуваа работилници на тема „Полесно совладување на материјалот". На работилниците учествуваа 3 млади од средното училиште „Ѓорче Петров" Кавадарци и добиваа совети и техники за побрзо и полесно совладување на материјалот за учење и изработуваа презентации, извршуваа домашни задачи.

- **Креативна работилница „Пишување, цртање и читање"**

На 24.02.2017 во просториите на Младински Информативен Центар „ИНФО СЕГА" Кавадарци се одржа креативна работилница „Пишување, цртање и читање". На работилницата учествуваа 5 млади од средното училиште „Ѓорче Петров" Кавадарци. На креативна работилница младите пишуваа есеи, цртаа и читаа поезија.

- **Работилници за пишување на CV и мотивационо писмо**

МИЦ ИНФО СЕГА континуирано спроведува обуки за пишување на CV и мотивационо писмо за невработени млади од општина Кавадарци. Во текот на 2017 година во Младинскиот

Информативен Центар „ИНФО СЕГА“ Кавадарци 15 млади побараа обука за пишување на CV и мотивационо писмо за работа.

- **Посета на ИНФО СЕГА од волонтери од ВЦС**

На 09.02.2017г. Младинскиот Информативен Центар „ИНФО СЕГА“ го посетија двајца млади волонтери од Германија и Литванија кои што моментално работат на ЕВС проект во Волонтерски Центар – Скопје. Целта на оваа посета беше волонтерите да се запознаат со активностите на Младинскиот Информативен Центар „ИНФО СЕГА“, сите проекти кои се спроведуваат и да се запознаат и со активностите и проектот на ЕВС волонтерите кои беа во Кавадарци.

- **Состанок со фокус група за кампања „Мрдни со прст“**

На 15.02.2017 година, претставник на Младински Информативен Центар „ИНФО СЕГА“ Кавадарци учествуваше на состанок со фокус група за кампањата „Мрдни со прст“ кој ја спроведува младинската организација „Креактив“ од Кавадарци. На овој состанок се разговараше за младински активизам и вклученоста на младите и се споделуваа добри практики и совети за работа со млади и поттикнување на младинки активизам.

- **Координативен состанок во Коалиција СЕГА**

На 28.09.2017 во просториите на Коалиција СЕГА во Прилеп се одржа координативен состанок на кој присуствуваа претставници на „ИНФО СЕГА“ Кавадарци и Прилеп и Коалиција СЕГА. Овој состанок имаше цел да се организира почетокот на новата Национална Кампања „365 работнички права“, која Коалиција СЕГА ќе ја спроведува со Младинските Информативни Центри почнувајќи од месец декември.

- **Локална дискусија со млади за младинско информирање**

На 27.10.2017 година во просториите на Младински Информативен Центар „ИНФО СЕГА“ Кавадарци се одржа локална дискусија со околу 20 млади од средните општински училишта „Добри Даскалов“ и „Ѓорче Петров“ Кавадарци. Младите дискутираа за информациите кои тие ги добиваат. Заклучоците од дискусијата ќе бидат претставени на Национална работилница каде што ќе се изготвуваат препораки за подобрување на младинското информирање во Македонија.

МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ

Проект: Подобрување на социјалната инклузија преку јакнење на вработливоста „Отворена врата – за млади од млади“

Проектот Подобрување на социјалната инклузија преку јакнење на вработливоста **„Отворена врата - за младите од младите“** од втората - грантова шема од компонентата ИПА4 со специфична намена за социјална инклузија започна со имплементација од 15 декември 2015 година. Носител на проектот е Коалиција на младински организации СЕГА која го спроведува проектот во партнерство со ЦЕСОР и ЕАСП од Македонија и КАБА од Словачка во период од 22 месеци.

Проектот „Отворена Врата – за младите од младите“ имаше за цел да се олесни социјалното вклучување на ранливите групи на млади луѓе преку создавање на еднакви можности за пристап до пазарот на труд и подобрување на нивната вработливост преку градење на нивните вештини да се вклучат на пазарот на труд и нивна целосна интеграција во општеството.

Со проектот се воспоставија 4 Младински Инфо Кариерни Центри во Прилеп, Битола, Штип и Скопје во кои тим од 20 обучувачи од центрите за социјална работа и граѓанските организации спроведоа обуки за кареирно советување и насочување на 126 млади примателиа на социјална помош и млади кои се згрижени во јавни институции со примена на методологија на кариерно насочување и биланс на компетенции по приерот и искуствата од Р. Словачка и им беа изготвени индивидуални планови за личен кариерен развој.15 од нив го реализираа својот индивидуален кариерен план и го променија својот статус од примателиа на социјална помош во вработени лица, од кои 2 се вработија кај истиот работодавач кај кој посетуваа практична обука во рамките на проектот.

Дополнително, со проектот беа изготвени 60 социјални карти за млади кои се згрижени во институции, и беше изготвена „Студиска анализа на потреби: социјално вклучување на ранливите групи преку создавање на еднакви можности за пристап до пазарот на труд“.

Проектот „Отворена врата – за младите од младите“ се спроведуваше во период од 22 месеци во Прилеп, Битола, Штип и Скопје.

МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Проект: „Учество на младите во процесот на донесување на одлуки “

Во согласност со Националната Стратегија за Млади на Република Македонија 2016-2025, во насока на исполнување на предвидените мерки од тематска област младинско учество и младинска работа од Акциониот План за спроведување на Стратегијата, Коалиција СЕГА и Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија пристапија кон планирање и реализација на предвидените активности од истата тематска област.

Реализирани активности:
Коалиција на младински организации СЕГА во соработка со Агенција за млади и спорт започна со имплементација на проектот „Учество на младите во процесот на донесување на одлуки“. Проектот се спроведува со поддршка од Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, преку програмата Еразмус+, Клучна Акција 3 (Структурен дијалог)

Целта на овој проект е да се подобри функцијата и улогата на веќе постоечките Совети на Млади (во следните општини: Кавадарци, Штип, Кривогаштани, Неготино, Крушево, Гази Баба, Ѓорче Петров, Град Скопје, Карпош и Прилеп) и на тој начин да се влијае на подобрување на младинското учество во демократскиот живот.

Специфични цели:

- Зајакнати капацитетите на веќе постоечките Совети на Млади
- Подобрена соработка помеѓу донесувачите на одлуки и младите на локално ниво
- Зголемено младинско учество на локално ниво, главно во процесот на решавање на локалните потреби на младите.

Активности:

А1. Еднодневна работилница „Како до зголемување на младинското учество преку зајакнување на функцијата на Советите на млади“

Еднодневна работилница која се одржа во Скопје, на 22.02.2017, со претставници - донесувачи на одлуки.

Вкупно 25 учесници зедоа учество на оваа работилница (двајца претставници од Агенција за млади и спорт, десет советници од советите на општините, еден претставник од Влада на Р. Македонија и двајца претставници од СЕГА).

Целта на оваа работилница беше да се соберат мислења за состојбата на младинското учество на локано ниво, учесниците да отворат дискусија за функционирањето на веќе постоечките Локални Совети на Млади како да дадат препораки за начините на нивно подобрување.

А1.1 Локални дискусии:

Во текот на месец Март/Април 2017 во секоја од вклучените општини се одржа по една локална дискусија во која се вклучија: членови на Совети на млади, младински НВОи, и локални донесувачи на одлуки во полето на младинската работа). На овие локални дискусии се разговараше на следните прашања:

1. Каква поддршка им е потребна на младите од Локалната самоуправа, општината и државата?

2. Дали младите луѓе се вклучени во процесите на донесување на одлуки на локално ниво, односно дали младите луѓе се запознаени со постоењето на Советите на млади како посебна структура за учество во процесот на донесување на одлуки на локално ниво?

3. За каков тип на активности и одлуки се зема во предвид мислењето на младите луѓе?

4. Кои се потребите за подобрување на младинското учество преку Советите на млади?/ Идентификување на потребите за подобрување за подобрување на младинското учество преку Советите на млади?

5. Каков тип на поддршка е потребна за подобрување на функцијата на Советите на Млади?

6. Дали има потреба од посебна Законска рамка за Советите на млади која што ќе го гарантира младинското учество на локално и национално ниво?

7. Дали има потреба од вмрежување на веќепостоечките Совети на млади (формирање на Национална мрежа за Советите на млади)?.

А2. Национална работилница „Креирање на Позициски документ со препораки за подобрување на состојбата на Советите на млади“

Главната активност во проектот е тридневна работилница која се одржа во периодот од 11-14 мај 2017, во Струга. На оваа работилница учество зедоа вкупно 40 учесници (триесет млади на возраст од 18 – 29 години, и десет донесувачи на одлуки на возраст од 25 – 30 години).

Овој настан беше креиран со цел да се работи на зајакнување на капацитетите на локалните младински структури (Советите на млади), формирање на формални принципи на комуникација помеѓу младинските структури и општините и подобрување на младинското учество и активизам.

Како краен резултат на проектот беше подготвен „**Позициски документ со препораки за подобрување на состојбата на Советите на млади“ (Position paper with recommendations for strengthening the position of Local Councils of Youth).**

Подготвениот финален документ СЕГА официјално го поднесе до Агенција за млади и спорт, до Влада на Р.Македонија и Локалните Самоуправи, како и до Парламентот на Република Македонија. Исто така документот беше објавен на веб страната на СЕГА (www.sega.org.mk), на веб страната на Информативниот и Советодавен Центар ИНФО СЕГА во Прилеп и Кавадарци (www.kavadarci.infosega.org.mk и www.prilep.infosega.org.mk) и на веб страната на Младинскиот портал (http://youthportal.infosega.org.mk). Исто така овој финален документ беше споделен и до сите други релевантни младински НВОи преку веќе постоечките мејлинг листи. Исто така, Препораките и заклучоците од имплементираните локални дискусии беа споделени на социјалните мрежи (facebook, twitter, instagram, linkedin).

ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

Меѓународна соработка

Проект „Youth Creativity Club “

Коалиција СЕГА го спроведува проектот “Youth entrepreneurs club” во периодот од 01 јануари 2017 – 30 јуни 2018 година во рамките на Европскиот Волонтерски Сервис и со поддршка од програмата Еразмус +. Проектот го реализираат двајца волонтери од Франција и Турција: Ерди Дениз и Шарлине Доменичели. Партнер организации за проектот се: Tambour Battant од Франција и GSM-Genclik Servisleri Merkezi Dernegi од Турција.

Цел на проектот е да се стимулира креативност кај младите на локално ниво и нивното активно граѓанско учество во земјите надвор од Европа, да се креираат алатки за намалување на невработеноста кај младите, развивање на креативноста. Исто така една од целите на проектот е приближување на европската култура и вредности но само како културна различност. За време на проектот се реализирани голем број на креативни работилници и презентации. Исто така беа реализирани интеркултурни вечери на кои беа презентирани храна и пијалоци, музика и обичаи како дел од француската и турската култура. Реализирани беа радио емисии на Радио пулс, а исто така ЕВС волонтерите пишуваа вести и прилози со различна тема во рамките на целите на проектот кои беа поставувани на веб страната на СЕГА и ИНФО СЕГА.

Проект „Franco Macedonian Cultural team “

Од септември 2016 – јуни 2017 година Коалиција СЕГА го спроведуваше проектот “Franco Macedonian Cultural Team”, во рамки на Европскиот Волонтерски Сервис од програмата Еразмус +. Проектот го реализираат 3 волонтери од Франција: Себастиен Цлоутоур, Меидхи Цхарвет, Баптисте Арнауд. Партнер организации за проектот се Maison des Jeunes et de la Culture de Flers и Association Avril Францij. Целта на проектот е да се промовира волонтерството како значајна алатка во стекнувањето на животни вештини за успешно интегрирање во работната средина. Проектот одговара на специфичните цели на Еразмус+ програмата во полето на подобрување на нивото на клучни компетенции на младите. Исто така, проектот има за цел да им ја приближи културната разновидност и зголемување на толеранција меѓу младите од различни земји и култури. ЕВС волонтерите во насока на реализација на целите на проектот одржаа неколку неформални средби со млади наречени “ЕВС кафе” на кои беа дискутирани придобивките од волонтирањето и промовирање на програмата Еразмус плус и придобивките од истата, а со тоа започнаа со планирање и подготовки на кампања за промовирање на волонтерството што е и задача на проектот. Заедно со млади од градот ЕВС волонтерите реализираа мал еко проект “Marko’s tower Hike” кој имаше за цел да им ја доближат европската култура и однесување кон природата. Волонтерите секојдневно учествуваа и придонесуваа за реализирање на секојдневните активности на СЕГА и Младински информативен и советодавен центар Инфо СЕГА.

АДМИНИСТРАТИВНА РАМКА

Управниот одбор на Коалиција СЕГА се состана три пати: 16 февруари, 25 јуни, 07 ноември. На состаноците се дискутираше за имплементацијата на тековните активности на СЕГА и се разгледуваа новите апликации за членство во Коалиција СЕГА.

Собранието на Коалиција СЕГА се состана на 07 јули 2017 година во хотел Континентал. На оваа седница на Собранието на СЕГА беше усвоен записникот на претходната седница на Собранието, беше разгледан и усвоен извештајот од Надзорниот Одбор на СЕГА, беа усвоени програмскиот и финансискиот извештај за работата на СЕГА за периодот на 2016, беше усвоена Годишната Програма за работа за 2017 и беше извршено ревидирање на членството. На крајот, Собранието даде свои препораки за правецот на делување на СЕГА во иднина.

До 31 декември 2017 година во Коалиција СЕГА членуваат вкупно **22 младински организации (9 основни и 13 придружни организации членки)**.

ЗА СЕГА

Иницијативата за формирање на Коалиција на младински организации беше покрената од страна на Младински Совет - Прилеп и две партнер - организации за аплицирање и имплементација на проектот "Младински Национален Акционен План". Како продолжение на започнатиот процес, Коалицијата на младински организации СЕГА неформално е формирана на 20 јануари 2004 година со цел да придонесе кон процесот на креирање и имплементација на Националната стратегија за млади на РМ и да помогне во исполнување на потребите на младите. На **27 септември 2004 година** Собранието на СЕГА донесе одлука за формално регистрирање на Коалицијата како здружение на граѓани.
Членството на Коалицијата (во овој момент) го сочинуваат 11 полноправни и 11 придружни организации - членки.

Управувачката структурата ја сочинуваат следниве органи:

- Собрание - составено од сите членки;
- Управен одбор - составен од 5 претставници од организации полноправни членки;
- Надзорен одбор - составен од 3 членови.

Извршната структура е организирана во Централна канцеларија со седиште во Прилеп и 4 регионални канцеларии во: Штип, Охрид, Тетово и Скопје.

Визија
Младите делуваат на промените и развојот на Македонија, учествуваат во донесување на одлуки на локално и национално ниво за прашања кои директно ги засегаат. СЕГА како одржлива и развиена младинска коалиција овозможува младите да веруваат во себе, да ги остваруваат своите интереси, да креираат и да градат.

Мисија
Коалицијата на младински организации СЕГА работи на развивање и примена на младински политики на локално и национално ниво, ги поврзува и јакне младинските организации со цел активирање на младите и подобрување на условите за нивен личен и професионален развој во Република Македонија.

Вредности и принципи на работа

- Меѓусебна поддршка;
- Волонтерство;
- Промовирање на младите како ресурс;
- Младински активизам;
- Младинска партиципација;
- Транспарентност;
- Демократија, меѓусебна доверба и соработка;
- Организирање и вклучување на младите;
- Развој на заедниците;
- Информираност;
- Застапување и лобирање за младинска политика.

Организациските и проектните активности на СЕГА во 2017 година беа поддржани од следните донатори:

- Детска Фондација Песталоци (Pestalozzi Children's Foundation)
- ИПА 4
- Асоцијација на Агенции за Локална Демократија (Association for Local Democracy Agencies)
- Генерален Секретаријат за соработка со НВО
- ОПИН
- ERASMUS +